# Општи услови за регрутирање на лица за работа на PRINCESS CRUISES

**Почитувани АПЛИКАНТИ ,**

Ве информираме дека процесот за посредување и презентирање пред представници на бродските компании PRINCESS CRUISES Line и Cunard , е **ЦЕЛОСНО БЕСПЛАТЕН СПРЕМА КОУЗОН ВРАБОТУВАЊЕ .**

Што треба Вие да направите за да бидете дел од овој процес ?

## Прв чекор

1. Основно е да ни доставите Ваша кратка биографија напишана на англиски јазик составено на стандарден CV формат.Со овој документ треба да ни доставите и една фотографија пасошки формат .
2. Доколку имате работно искуство , Ве молиме да ни доставите препораки од претходни работодавци , на македонски или англиски јазик .
3. Доколку поседувате некоја диплома за завршено стручно образование од обласа за која ќе Аплицирате , Ве молиме да ни доставите копија од истата
4. Доколку и претходно сте работеле на бродска компанија, секако ќе треба да приложите документи ( препораки или работен договор ) од претходната компанија .

## Втор чекор

По процесот на аплицирање , Вие во период од 1 до 2 недели ќе бидете викнати на презентација и прелиминарно интервју .
Целта на ова интервју е да ги утврдиме Вашите квалификации , знаењето на англискиот јазик , стучноста од областа за која аплицирате .
На самото интервју ќе биде утврдена и позицијата за која ќе бидете предложени и презентирани пред бродската компанија .
Вие можете да аплицирате и бидете предложени за работа во еден од следниве оддели на бродската компанија

**ресторант – сите позиции**
**бар – сите позиции**
**кујна – сите позиции**
**хотелски дел на бродот – сите позиции**
**Фотограф**
**Продавач во делот на фри шоповите**
**Одредени сервис позиции, за чистење и средување**

Доколку прифатите , ќе следат следниве активности .

## Трет чекор

**Психолошки тест –** Вие ќе треба да поминете специјален тест пред Психолог авторизиран од бродската компанија . Тестот е професионален и содржи 210 прашања .Позитивниот резултат од ова тестирање е предуслов за презентирање пред бродската компанија . Тестот го плаќате во институцијата задолжена за ова тестирање и чини 900 денари

**Англиски тест -** Бродската компанија има авторизирано Професор од Факултетот за Филологија , ( група Англиски јазик ) да го зврши тестирањето .

Тестот содржи 25 прашања , и се реализира усно . За ова тестирање не е потребно да знаете да пишувате на англиски . Услов за да бидете презентирани пред бродската компанија е да го положите успешно овој тест .

Тестирањето го плаќате во Школото каде се врши тестирањето и чини 610 денари .

**НАПОМЕНА** : И двете наведени суми се одобрени од страна на Претставништвото на бродските компании **.** Во случај да не ги поминете успешно , уплатените средства с енеповратни .

## Четврт чекор

**Обука од материјали на бродската компанија**

Обуката е задолжителен дел и Вие мора да присуствувате на истата . Таа е бесплатна за Вас . Обуката трае 5 дена , во просек по 7-8 часа на ден . Ја реализира Коузон Вработување .
На обуката ќе бидете запознаени со сите битни информации за компаниите , ќе ви бидат поделени т.н ТРЕНИНГ МАТЕРИЈАЛИ од Princess Cruises, (со истите тие информации )
Ќе ви биде презентиран видео материјал со сите услови за живеење и работа на брод . ( Princess video )
Посебен дел од обуката ќе биде делот со правата според интернационалната поморска Конвенција ( т.н поморски устав )
На тренингот ќе бидете обучени да ги препознаете и премостите сите опасности кои можат да се појават на море или на брод.
Последните два дена ќе имате тестирање , ( писмено ) со исти прашања од обуката .
Услов да одите на главното интервју , ќе биде да ги положите овие тестирања .
Тестирањата ќе бидат на англиски јазик , со заокружување на одговори , и со одговор ДА/НЕ но и со пишување на Англиски кое ќе биде идентично со дадените тренинг материјали .

## Петти чекот

**Презентирање пред Бродската компанија**

Овој процес значи Ваше лично интервју со претставникот на бродските компании . Интервјуто е лично . Се води на англиски јазик.
За интервјуто Вие треба да ги приложите сите Ваши документи , вклучуваќи ги и двата горенаведени тестови .
Интервјуто во просек трае 10 минути.
Основни прашања се : вашата школска квалификација , Вашето работно искуство ( со демонстрирање на одредена активност ) , објаснување зашто би работеле на брод и утврдување на вашите занења од интернационалните стандарди за работа во Угостителството и сервис услугите .
Претставникот на бродската компанија ќе Ви понуди одредена позиција за Ваше вработување . Вие според Ваша проценка и желба можете да прифатите или одбиете .
Доколку прифатите , ќе бидете замолени да потпишете дека се согласувате со понудената позиција .
Само Вие и никој друг во Ваше име може да прифати и да потпише Ваков документ .
Добиената позиција не е променлива и со истата позиција ќе бидете поканети од страна на бродската компанија , да се качите и работите на брод .
КОУЗОН Вработување , со овој дел , нема никакви допирни точки и ингеренции .

KOUZON corporation
live your dream...

## Шести чекор

Бродската компанија ќе Ви испрати писмо со покана за вработување .
Писмото е основа за добивање на виза во Американската Амбасада во Скопје.
На писмото ќе бидат ставени Вашите генералии и позицијата за која сте прифатени од Бродската компанија .
Трошокот за вадење на визата во Американската Амбасада или други транзит визи , ( доколку се потребни ) се Ваши и вие имате обврска да ги платите .
**Тие трошоци се** : 131 Долари Американска виза , 12 долари за термин во Амбасада , и по 35 евра за секоја дополнителна транзит виза за Европските или некоја од Азиските држави .
По добивањето на визата Вие ќе бидете упатени кај Лиценцирана медицинска установа за да направите лекарки преглед , според правилата на бродската компанија . Трошокот за Лекарскиот преглед е Ваш , го уплаќате кај медицинската установа и изнесува 6.200 денари .
Доколку медицинските наоди покажат некои позитивни резултати ( дрога , алкохол , дијабетис , бронхитис и сл ) или посериозни здравствени проблеми Вие ќе бидете одбиени за вработување .

Негативниот наод на медицинскиот преглед е основен прдуслов за Ваше заминување за работа на брод . Тестирањата се унифицирани и се според ПАНЕЛ 21 на USPH .
Доколку резулатите се позитивни сите предходни трошоци се за ваша сметка .
Добиената виза , ќе биде побарано да ви биде поништена .

## Седми чекор

По успешно завршените предходни активности ( чекори ) , Вие ќе добиете фактура на Ваше име од страна на Коузон Вработување . Цената на таа фактура ќе биде 21.500 денари , кои Вие лично преку Ваша сметка ќе треба да ги уплатите .
По уплатата на горенаведената сума , од страна на бродската компанија ќе ви бидат испратени ( преку КОУЗОН ) , податоци за Вашиот лет до местото за качување на брод ( АВИОНСКА КАРТА - БЕСПЛАТНО )
Вашето заминување на брод , по добивањето на авионската карта ќе биде органиризано . Ќе добиете целосни информации каде треба да слетате , кој ќе ве прифати на аеродромот , и каде ќе бидете бесплатно сместени .
Следниот ден поноќевањето , Вие ќе треба да бидете транспортирани до пристаништето каде што бродот е усидрен .
Вашиот работен договор може да биде од 6 до 7 работни месеци.
За Време на работниот договор , Вие ги уживате сите права на работено лице , на бродска компанија .
Обезбедено ви е соодветно сместување во кабини на бродот , ( ќе ви биде прекажано на видео презентацијата како изгледа тоа сместување ) , ќе имате 3 оброци на ден , во посебен ресторан на бродот за посадата , ќе имате право да ги користите сите услуги наменете за вработени ( фитнес сал , салони за разубавување , базени и сл ) ќе можете секој слободен момент да го користите за излегување надвор од бродот и прошетки по пристаништата каде ќе престојувате .

Вие ќе имате примарна здравствена заштита на бродот и секундарна ( во случај на потреба – повреда на работното место или надвор од него ) од страна на бродската компанија во најблиското пристаниште .
За овој дел важат поморските правила по конвенцијата STCW-95 .
**( напомена : доколку не ги извршувате работните обврски според правилата на бродската компанија или добиете 3 предупредувања од претпоставените заради Ваша неодговорност , Вие ќе бидете вратени во Македонија ). Независно во каков период ќе бидете вратени , Вие немате право на повлекување на веќе уплатените средстав или барање за некакво обештетување заради краток престој на бродската компанија .**

## Осми чекор

По успешно завршениот прв работен договор , Вие директно контактирате со бродската Компанија .Коузон Вработување нема никакви ингеренции и обврски да Ви посредува или се ангажира за Вас .

**НАПОМЕНА : Обука – алтернативно**

**На Ваше Барање и за Ваша сметка , Коузон Вработување ќе органзира професионална обука за работната позиција за која вие сакате да палицирате. Присуството на обуката нема да биде гаранција за Ваше вработување на бродската компанија ниту предуслов за Ваше повикување на интервју за истата . Само Ваша е желбата за дополнително усовршување и припрема со знаење според светските стандарди . Обуките во просек траат од 45 до 60 часови и истите во зависност од обемот се движат од 4500 до 6500 денари . Овие средства се уплакаат на сметка на Коузон Вработување**

### ИЗЈАВА

Јас ______________________________ под целосна и матерјална одговорност, без никакво надворешно влијание и притисок при здрава свест и разум **изјавувам** дека внимателно ги прочитав горенаведените информации за аплицирање за оваа бродска компанија , ги разбирам во целост сите постапки низ кои треба да поминам, и се согласувам да ги следам инструкциите кои се наведени. Со потпишувањето на оваа изјава отпочнувам својот личен процес за аплицирање. За време на мојот прв контакт со агенцијата ми беше даден на увид и примерок од Договорот за посредување во процесот на регрутација и консултантски услуги кои агенцијата Коузон Вработување ќе ги процесира во мој интерес.

____________________ Коузон Вработување
Изјавил

____ / _____ / 20____

KOUZON corporation
live your dream...